Скопје, 13 октомври 2005 год.

Врска: наш број 21/1223 од 23.09.2005 година

Почитуван Градоначалник / Претседател на Совет,

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС) и Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ) го реализираат проектот „**Нова правна рамка на локално ниво**", чија цел е да придонесе кон поефикасен, транспарентен и отворен процес на децентрализација преку креирање на **нов предлог Статут на општините** и **Деловник за работа**.

Предлог Статутот и Деловникот беше подготвен од работна група во состав: (1) Борче Давитковски, Правен факултет; (2) Виктор Арнаудовски, ЗЕЛС; (3) Трифун Трифуновски, Претседател на совет на општина Карпош; (4) Бранко Трајчевски, Секретар на Секретаријат за прописи на Град Скопје; (5) Пламен Георгиевски, Државен секретар на Министерство за локална самоуправа на РМ; (6) Кире Бузлиев, Претседател на совет на општина Гази Баба; (7) Имер Селмани, Градоначалник, општина Сарај и (8) Изет Мецети, Градоначалник, општина Чаир. На две заеднички средби, работната група и комисијата за административни прашања на ЗЕЛС чиј претседател е Градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев, ги усогласија своите предлози и забелешки по однос на текстот на Деловникот и Статутите на општините, при што усвоија единствен текст кој Ви го доставуваме во прилог. Електронска верзија на документите можете да најдете на веб страните на ФИООМ (www.soros.org.mk) и ЗЕЛС (www.zels.org.mk).

Во дописот кој Ви го пративме на 23 септември 2005 година Ве информиравме дека ќе бидат организирани **регионални трибини** со сите Градоначалници и Претседатели на Совети во насока на подготвување на текст на Статутот и Деловникот во кој ќе бидат инкорпорирани забелешките.

(1) Првата регионална трибина ќе се одржи на **28 октомври 2005 год. (петок) во Струмица** во х. Сириус, на која ќе учествуваат Градоначалникот и Претседателот на Советот од следниве општини: Македонска Каменица, Кочани, Делчево, Виница, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Карбинци, Радовиш, Берово, Лозово, Штип, Конче, Василево, Босилово, Ново Село, Струмица, Градско, Неготино, Валандово, Гевгелија, Дојран, Богданци, Демир Капија, Кавадарци и Росоман.

(2) Втората регионална трибина ќе се одржи на **29 октомври 2005 год. (сабота) во Битола** во х. Епинал, на која ќе учествуваат Градоначалникот и Претседателот на Советот од следниве општини: Битола, Ресен, Охрид, Струга, Вевчани, Дебарца, Демир Хисар, Могила, Новаци, Пласница, Крушево, Кривогаштани, Прилеп, Долнени, Другово, Дебар, Центар Жупа, Зајас, Осломеј, Кичево, Вранештица, и Македонски Брод.

(3) Третата регионална трибина ќе се одржи на **03 ноември 2005 год. (четврток) во Скопје** во х. Холидеј Ин, на која ќе учествуваат Градоначалникот и Претседателот на

Советот од следниве општини: Карпош, Чаир, Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Сарај, Град Скопје, Арачиново, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Велес и Чашка.
(4) Четвртата регионална трибина ќе се одржи на **05 ноември 2005 год. (сабота) во Скопје** во х. Холидеј Ин, на која ќе учествуваат Градоначалникот и Претседателот на Советот од следниве општини: Чучер Сандево, Липково, Куманово, Свети Николе, Старо Нагоричане, Ранковце, Кратово, Пробиштип, Крива Паланка, Јегуновце, Теарце, Желино, Тетово, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар и Маврово и Ростуша.

Ве молиме Вашето присуство да го потврдите најдоцна до 24 октомври 2005 година кај Данче Даниловска на тел: 02/244-44-88 локал 226, фах 02/244-44-99 или на e-mail: ddani@soros.org.mk. Доколку имате дополнителни прашања слободно можете да не контактирате.

Работен јазик на трибините ќе биде македонскиот јазик. Во прилог Ви ја испраќаме и програмата за работа.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор, ЗЕЛС

Фани Каранфилова Пановска
Програмски директор, ФИООМ